По повод невистинитите информации и коментарите дадени во вестите на Сител ТВ од 15.11.2012, се сметаме за должни да се обратиме до јавноста, поради што го даваме следниот одговор:

ММИ е организација основана од произведувачи на фонограми и уметници музички изведувачи од РМ со цел на колективно управување на сродните права кои произлегуваат од **јавното соопштување музика.** Легитимитетот за колективно управување на правото на надоместокот од јавното соопштување музика ММИ го стекна врз основа на дозвола издадена од легитимен државен орган, во со закон предвидена постапка. Врз основа на издадената дозвола ММИ е обврзана да ги остварува правата на СИТЕ НОСИТЕЛИ НА ПРАВА, вклучително и странците, кога ќе бидат склучени билатерални договори со соодветните странски сродни организации. Сродните права се востановени со мегународни конвенции, како и врз основа на Законот за авторското и сродните права на РМ (ЗАПСП). Тарифата на ММИ која неодамна се објави во Сл. весник на РМ и стапи на сила, се применува во случај доколку со **ДОГОВОР склучен помеѓу ММИ и корисникот, односно организацијата која ги застапува неговите интереси,** не е договорена друга пониска висина на доместокот.

Распределбата на надоместоците се врши врз основа на правилата утврдени во Правилникот за распределба во кој е содржан со закон востановениот основен принцип, а тоа е принципот на користење, кој се утврдува врз основа на плеј листи кои радиодифузерите се должни да ги доставуваат на ММИ еднаш месечно.

Информацијата дека тоа ќе „*удри по џебот на граѓаните*“ во целост е паушална и неточна. Невистинити и паушални се и пресметките за износите кои ќе треба да се плаќаат како и висината на наводно веќе прибрани средства, како и наводите дека истите се делат на лица по слободен избор на организацијата. Овие информации се апсолутно неточни и се наменети со цел да се создаде заблуда во јавноста и погрешна слика за обврзниците кои треба да го плаќаат овој надомест. Остварувањето на овие права е востановена пракса во целиот свет. Македонија е меѓу последните држави кои овозможуваат реализација на овие права.

Некои наши музички уметници изведувачи како Васка Илиева, Јонче Христовски, Гоце Николовски и многу други еминентни имиња не доживеаа да си го остварат правото за надомест од јавното користење на нивните изведби, а свесни сме за вредноста и значењето на истите. Нивните изведби сеуште се користат на јавни собири, а емоциите кои тие изведби ги предизвикуваат кај слушателите се неопходни за подигнување на моралот и свеста кај луѓето. Се поставува прашањето зошто нивните поколенија да не добијат правичен надоместок за нивниот придонес во македонската култура и дали тоа не го заслужуваат сегашните и идните македонски автори, продуценти и изведувачи.

**Здружение за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи ММИ Скопје**